Број 09—447/2
15.03.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
Од 7.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 15.03.2022 година (вторник) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ, втори кат, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево кој за Седмата седница на Советот го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од Шеста седница**

**на Советот на Општина Делчево**

1. Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година;
2. Годишен извештај на Општина Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;
   **Образлагач**: По точките 1 и 2 – Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината.
3. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;
   **Образлагач:** Стојан Димитровски-Командир на Полициска станиц од општа надлежност Делчево.
4. Завршна сметка на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;
   **Образлагач**: Марина Димитровска-Книговодител на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.
5. Предлог-Одлука за парична помош по барање на Стефанија Јосифовска од Делчево;
   **Образлагач**: Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител.
6. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево;
7. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;
8. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење на детска градинка за ГП 3.2.01 од ДУП УЕ 3, дел од Урбан блок 3.2. КО Делчево во Делчево;
9. Предлог-Одлука за кофинансирање во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 за доискористување на преостанати средства;
   **Образлагач**: По точките 6,7, 8 и 9-Звонко Атанасов-Раководител на Одделение за урбанизам , заштита на животна средина , комунални дејности и сообраќај.
10. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;
    **Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.
11. Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;
    **Образлагач:**Маре Бошначка-Одговорен сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.
12. Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;
13. Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;

14. Завршна сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: По точките 12,13 и 14-Катерина Величковска- Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски“ и ООУ „Ванчо Прке“.

Пред да биде отворена расправа по дневниот ред, претседателот на Советот ги информираше членовите на Советот дека 2 точки од дневниот ред кои се однесуваат на парична помош биле симанати од дневен ред по барање на предлагачот и затоа не се предложени сега на денешната седница.

Претседателот орвори расправа по предложениот дневен ред и за збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали точките ќе бидат ставени на дневен ред на некоја друга седница и предложи дневниот ред за денешната седница да се дополни со точка-прашања и предлози бидејќи има многу прашања кои советниците ги интересираат.

Претседателот на Советот рече дека тие 2 одлуки нема да се ставаат на дневен ред на седница на Совет од причини што во Буџетот на Општина Делчево не се предвидени средства за таа намена-реконструкција на покрив, а исто така средства за таа намена не се предвидени во Правилникот за условите, критериумите и висината на еднократната парична помош. Во врска со вториот предлог, претседателот на Советот рече дека прашања и предлози на членови на Совет, како дополнителна точка биле ставени на претходната седница на совет и тоа по барање на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, а тие ја напуштиле седницата. На оваа седница ќе го ставам предлогот на гласање и доколку биде усвоен, ќе има прашања и предлози, истакна претседателот.

Кирил Тренчевски рече дека предлогот на Иван Гоцевски е во ред, но бидејќи на оваа седница не е присутен градоначалникот сите прашања треба да бидат доставени до него писмено и зато смета дека на оваа седница не треба да има прашања и предлози.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а на гласање беше ставен предлогот за дополнување на дневниот ред со точка-прашања и предлози на членови на Совет.

Со 7 гласа „ЗА“ 5 „ПРОТИВ“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставен дневниот ред за 7.седница.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, истиот беше усвооен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 6.седница.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја цитираше дискусијата на Сашко Ивановски во врска со тоа што на седницата не беше ставена на дневен ред точка прашања и предлози кој имаше забелешка на Записникот од 6.седница во смисла дека неставањето на дневен ред на точката прашања и предлози на 6.седница е техничка грешка/пропуст и дневниот ред на 6.седница не бил дополнет поради барањето на С.Ивановски со таа точка, туку поради тоа што е пропуст/техничка грешка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, истиот беше усвоен.

Прва точка Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година; Точката ја образложи – Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината.

од вкупно планираните приходи и приливи во Буџетот на Општината во износ од 315.220.482 ден. наплатени се 290.009.206 ден., односно 92% во вкупниот буџет или од Основниот буџет од вкупно планираните 109.541.856 денари наплатени се 98.266.043 или изразено во проценти 89,7%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 39.374.231 ден или 93,3% од планираните; неданочните приходи се со реализација од 78,3% или во износ од 1.464.542 ден, капиталните приходи се со процент на реализација од 80% или 2.901.623 ден, додека трансферите со процент од 88% или 54.525.647 ден.

Од вкупно планирани расходи во износ од 315.220.482 ден. во вкупниот Буџет реализирани се 286.106.864 или 91%., додека во Основниот буџет на Општина Делчево од планирани 109.541.856

денари, реализирани се 98.266.043 денари или 90%. Вкупниот износ на платите во однос на вкупно реализираните расходи изнесува 26,8%, процентот на реализација на стоки и услуги е 21,2%, додека износот на реализираните капитални расходи во однос на вкупните расходи во Основниот буџет е 46,7%, а во однос на планираните капитални расходи, реализирани се 87%. Во делот на капиталните расходи процентот на реализација на други градежни објекти во однос на вкупните реализирани капитални расходи е 95,5% .
Во 2021 година реализирани се капитални расходи во износ од 45.885.859 ден. Од нив за изготвување проекти се финансирани 1.290.039 денари за изградба и реконструкција на улици и патишта 23.850.625 денари, за изградба на канализација во нас. Пролет 6.205.456, за изградба на др. објекти во износ од 10.076.000 (градски пазар), за надомест за одземен имот платени се 1.820.987, за реконструкција на други објекти во износ од 248.192 ден., за отплата на главен долг за реконструкција на детската градинка исплатен е износ од 1.852.636 денари и др. На крајот, таа истакна дека во посебниот дел на Завршната сметка се дадени приходите и расходите по програми, доколку има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека во врска со завршната сметка имало седница на Комисијата за буџет, заклучокот е дека буџетот на општина Делчево е добро проектиран и со голем процент на реализирани приходи и расходи. Од страна на комисијата Завршната сметка на Општина Делчево за 2021 година е едногласно поддржана.

Зекир Абдулов ја праша Анка Христова која е причината за малата реализација на средствата планирани на ставката за субвенции и трансфери до невладини организации? Планирани се 1.100.000, а се реализирани/исплатени само 535.000 во 2021 година? И така се предвидидени/планирани малку средства само 1.100.000, па дури и од тие се исплатени само 535.000, зошто е така, праша тој?

А.Христова рече дека средства се планирани, исплатени се само 535.000 најверојатно не се одржани активности заради пандемијата. Инаку средствата се исплаќаат откако невладините ќе достават извештај за реализирани активности

Зекир Абдулов праша како и на кој начин се доделуваат средствата и зошто нема одговор на поднесени барања. На пример ако невладината бара 100.000 за реализација на предвидени активности, а Општината доделува 50.000, дали има одговор зошто не се доделува бараната сума наведена во барањето?

Анка Христова рече дека за доделување на средства за невладините организации има формирано Комисија со решение на градоначалникот, а таа не е член во Комисијата.

Иван Гоцевски рече дека 25% од основниот буџет кој е 239 милиони или околу 50 милиони денари одат за реализирање на општински проекти за самофинасирање, а реализација на на проекти од буџетот на самофинансирачки активности е само 5.659.000 денари или 46% од планираниот буџет за 2021 година. Значи толку многу пари се планирани за општинската администрација, а проектите за од самофинансирачки активности толку малку, само 36%. Тоа е најмалиот процент во однос на другите проценти за реализација на буџетот за 2021 година.

Анка Христова рече дека буџетот на самофинансирачки активности е буџет на сопствените сметки на буџетските корисници (основните и средното училиште, библиотеката, градинката). Станува збор за сопствени средства, кои не се многу или се многу малку, не знам најверојатно не можат да го направат планот секогаш како што треба и предвидуваат повеќе отколку што можат да реализираат, рече раководителката.

Кирил Тренчевски рече дека процентот на реализација на на буџетот на самофинансирачките активности не е 46% туку 58% и дека треба да се земат предвид и вишокот на приходи.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја усвои Завршната сметка на Општина Делчево за 2021 година.

Втора точка-Годишен извештај на Општина Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;

И оваа точка ја образложи Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината која рече дека овој извештај согласно Законот се усвојува на седница на Совет и е составен дел на Завршната сметка. Ги содржи сите податоци кои беа спомнати во претходната точка, има табеларни прегледи за планираните приходи и расходи, како и за нивната релизација. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека имаше забелешка во делот кој се однесува на наплатата на даночните приходи и рече дека, наплатата на даноците на имот во (однос на даночните приходи) од 46,6% е мал процент. Исто така, тој истакна дека во иднина треба да се посвети поголемо внимание на наплатата на данок на имот од правните лица кој сега е 70%, како и на ненаплатен данок од минати години. На крај ја праша А.Христова, дали во општината има отпис на долгови по основ на ненаплатен данок од правните и физичките лица?

Анка Христова рече дека планираните даноци на имот зафаќаат 45,3% од даночните приходи. Наплатата на даноците на имот во однос на даночните приходи е 46,6% и според неа, тоа е задоволителен процент на наплата. Исто така таа рече дека наплатените даноци на имот во однос на планираните се 96%, а даночните приходи во однос на вкупните планирани приходи во основниот буџет зафаќаат 38,5%, додека пак % на наплатените даночни приходи во однос на вкупно наплатените приходи во основниот буџет е 40%. Што се однесува до прашањето за отпис на долг за ненаплатен данок, таа рече дека за тоа одлука донесува Советот. Досега колку може застарените долгови се наплататуваат со доставување на опомени (со доставување на опомената долгот не застарува) и со изготвување на извршни решенија.

Иван Гоцевски дополнително праша дали има готови, спремни податоци за отпис на долг по основ на данок, односно колку средства се отужени?

А.Христова рече дека досега наплатата се вршела со изготвување на опомени и извршни решенија, не со поднесување на тужби. Има проблем поради тоа што многу лица даночни обврзници не се тука, податоците не се ажурирани, не е извршен пренос на сопственоста, за некои нема податоци за нивни адреси, сметки и слично.

Бидејќи никој друг не се јавуваше, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 7 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај на Општина Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување.

Трета точка-Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;

Образлагач по точката беше Лилјана Богдановска-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево која рече дека овој извештај се поднесува согласно законот за полиција дека овој извештај е законска обврска на командирот на Полициската станица од општа надлежност и се доставува на секои 6 месеци. Истиот се однесува на на периодот од второто полугодие на 2021 година. Состојбата на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во овој период се оценува како стабилна и поволна. Во областа на криминалитетот во однос на има зголемување на кривичните дела за 54%. Исто така има зголемување и на општиот криминалитет, семејно насислство 4 случаи, лани овој период нула, обид за убиство 1, има зголемување на прекршоците и во областа на нарушување на јавниот ред и мир ланската година 21 прекршок, оваа година 35 и за сите се поднесени соодветни пријави. Најголем број на

прекршоци се од областа на нарушувања на јавниот ред и мир, сторителите во најголем број се од машки пол и најголем дел се случиле во градот. Во областа на сообраќајот карактеристично е намалувањето на сообраќајните несреќи Во патниот сообраќај се зголемени превентивните мерки врз контрола на учесниците во сообраќајот и зголемо присуство на полициските службеници на терен.Извршени се 4 асистенции по барање на други органи.Преземени се зголемени контроли над бесправната сеча на шума и контринуирано се спроведуваат контроли заедно со граничната полиција.

Од страна на полицијата имало постапувања и за време на локалните избори согласно законските одредби. „Општата состојба се оценува како поволна, ако има конкретни прашања, повелете, бидејќи во интерес на времето, не би сакала да ве задржувам“, истакна заменик-командирот на Полициската станица од општа надлежност, Лилјана Богдановска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Дејан Георгиевски кој рече дека во последно време евидентно е зголемено присуство на полицијата пред СОУ „М.М.Брицо“ и праша зошто е тоа така?

Лилјана Богдановска рече дека во прашања е спроведување на проект за превенција на насилството во училиштата. Се вршат прегеди/претреси за да не носат децата ножеви и слично во ранците.

Сања Николовска рече дека има прашање во делот на јавниот ред и мир и рече дека бројките се чудни, 1 случај пијанство на јавно место, 5 случаи уживатели на наркотични дроги, 2 присуство на малолетни лица во објекти, дали сметате дека овие бројки се реални и дека ја отсликуваат реалната состојба во градот? Според мене, се далеку од реалноста, рече Сања Николовска.

Лилјана Богдановска рече дека во делот на уживатели на наркотични средства бројките се тие , можеби има простор за сомневање, но законот е таков да полицијата мора да ги фати на лице место, во спротивно не може да ги квалификува како уживатели на наркотични средства. Во поранешниот закон имаше можност, но со последните законски измени во тој дел, едноставно само доколку ги фатиме на лице место можеме да ги квалификуваме како такви. Ние како ОВР правиме акциски контроли, во последно време почесто, но доколку не фатиме на лице место, не можеме ништо да им направиме. Значи разговараме за тоа колку се нашите можности за дејствување согласно вашечките законски прописи.

Сања Николовска праша дали бројките за прекршоците/нарушувањата на јавниот ред кои се дадени во извештајот ја отсликуваат реалната состојба во градот? Прашањето се однесува на другите бројки, не само на уживателите на наркотични средства. На пример несовесно чување на куче, караници, тепачки на јавни места и др. Значи, за целата таа област-прекршоци во јавниот ред и мир, дали бројките се рални, дали реално ја отсликуваат реалната слика?

Лилјана Богдановска рече дека бројките во извештајот се точни бидејќи се според поднесени пријави. Можеби некаде има пијанства, тепачки, но не се пријавени во полицијата, не се евидентирани и како такви нема да ги има во извештајот. Доколку ние како граѓани констатираме или пријавиме било каков прекршок, тој се евидентира во полицијата и ние како полиција мора да постапиме. Но ако не се пријавени или полицијата нема сознание за било каков прекршок, тогаш не се евидентирани и затоа велам дека бројките се точни. Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Четврта точка-Завршна сметка на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Марина Димитровска-Книговодител на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која рече дека ЈЛБ „Илинден“ има две сметки:наменска дотација и сметка за сопствени

приходи. На сметката за наменска дотација во 2021 година има вкупно 5.589.903 од кои 715.800 денари се средства кои библиотеката ги заштедила од претходната 2020 и пренесени за трошење во 2021, а останатите во висина од 4.874.103 се пд блок дотацијата од Министерството за култура. Во 2021 година за плати се потрошени 4.447.303, за стоки и услуги 589.108, од кои з апатни 4.000, за струја, вода и телефон 278.464. Од нив најмногу (220.918 се за струја, 12.738 за вода, 32.408 за телефон и интернет, транспорт 12.400. ЗА материјали и ситен инвентар се потрошени 155.986, од кои за канцелариски материјал 78.996 (за списанија и весници 24.760, средства за хигиена 41.020, ситен инвентар 6.500 и др.материјали 4.710,00.

За поправки и тековно одржување се потрошени 39.836 од кои за софтверско одржување 22.198 (одржување на програмата за сметководство и благајна, средства за фискалната) и поправки и одржување на др.опрема 17.638. За договорни услуги 10.000 денари, други тековни расходи 100.822 (објава на огласи 37.885, членарина во здруженија 2.000 и на други оперативни расходи60.937,00 (купување на цвеќиња за подароци, ситни потреби на библиотеката, купување подароци за во градинката-за Нова Година и за детската недела), за дневниот центар за денот на лицата со хендикеп.

Капиталните расходи се потрошени во износ 553.492 и тоа: 53.000 нова влезна врата, 49.000 за рафтови за книги, 11.000 за канцелариско биро, две мали помошни масички 2.002, фотопир и принтер во боја 15.750 со цел да се намалат трошоците за изработка на дипломи, пофалници, благодарници и сл.Набавени се и канцелариски столици во вредност од 23.020 и два лаптоп компјутери во вредност од 59.977. Набавени се книги во вредност од 339.743,00 денари.

На сметката за сопствени приходи се средствата од членарина, вкупните приходи се 183.961 од кои 70.000 се од претходна година. Расходите се во висина од 183.602 денари, патни и дневни 1.000, комунални услуги 20.800, договорни услуги 138.165 (трошоци за одржување на веб страна,трошоци за исплата на надомест на членови на УО, трошоци за снимање и објавување на активностите на библиотеката).

Други оперативни расходи во износ од 23.637 (трошоци за завршна сметка, данок на добивка, камати и др.)

На крајот таа истакна дека средствата од сметката за сопствени приходи се користат за покривање на трошоците на библиотеката кога има недостаток на средства.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренечевски кој праша зошто претходната година на ставката 425 – други договорни услуги имало потрошено 223.154,00 денари, а оваа година се потрошени само 10.000 денари (страна 2)?

Марина Димитровска рече дека тие средства претходната година биле од наменската дотација, а оваа година се од сметката за сопствени приходи.

Бидејќи никој друг не се јавуваше заздбор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево за 2021 година.

Петта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање на Стефанија Јосифовска од Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител која истакна дека до Општина Делчево е поднесено барање од страна на Стефанија Јосифовска во врска со парична помош за операција на нејзиниот малолетен син. Таа истакна дека целата јавност во Делчево е запознаена за овој случај и предложи одлуката да биде донесена.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Иван Гоцевски која праша дали има некоја временска рамка или рок за исплата на средствата по одлуките кои ги донесува Советот бидејќи има луѓе кои не добиле пари и покрај тоа што Советот донесел Одлука.

Ана Ситновска Димитровска рече дека вака напамет не може да каже, треба да се каже точно за кој барател станува збор и да се провери. Таа рече дека штом во Одделението за

финансии се достави некоја Одлука на Совет за парична помош, се изготвува и Решение за исплата и обично луѓето ги добиваат средствата.

Ели Ризова Ангеловска рече дека има случаи кога странката/барател има добиено Решение дека му е одобрена парична помош (во случајот 40.000 денари ) ама средства се уште не се исплатени, конкретно барањето за средства било за надомест на штета за опожарен помошен објект/плевна во с. Град.

Ана Ситновска Димитровска рече дека треба да се знае бројот на решението што странката го добила и да се провери дали се исплатени средства или не и која е причината ако не се исплатени.

Оливера Ташевска рече дека не е во ред тоа што двете точки биле тргнати од дневен ред бидејќи на една од претходните седници била донесена одлука за изградба на купатило, а сега тие две барање се одбиени и точките се тргнати од дневен ред. Таа исто така, праша дали луѓето се известени дека барањата им се одбиени и причините поради кои им се одбиени барањата.

Претседателот на Советот рече дека е точно тоа што го кажала советничката и дека предлагачот (градоначалникот) ги повлекол тие две точки можеби баш од тие причини, да нема веќе носење такви одлуки на Совет. Советот евентуално и да ги донесе можеби нема да се исплатат бидејќи не се предвидени средства за таа намена и навистина Советот не е надлежен на некој да му дава средства за реконструкција на покрив. Тоа е голема инвестиција, Општината нема пари за тоа. Јас лично сакам да спречиме носење вакви одлуки од причини што Советот и општината не се надлежни за тоа.Еве, што ако поднесат и други луѓе такви барања? Општината не е социјална установа. Разбирам дека ситуацијата на луѓето е тешка, но можностите на општината се тие, нема средства за таа намена, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе

Шеста точка-Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево;

Точката ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека со оваа Програма се утврдува потребата и се уредуваат стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на градот Делчево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема. Одредбите на оваа Програма не се однесуваат на предвидените градежни парцели согласно Детален урбанистички план (ДУП) каде организација и користење на просторот се врши согласно планската и проектната документација (пазар, училишта, автобуска станица, трговски центри, индустриски објекти, станбени и други јавни објекти). Со неа се утврдуваат и прецизираат основните услови за поставување на урбана опрема, се утврдува образецот на Барањето и во прилог на Програмата се изработени и скици. Конкретно до општината има поднесено 1 барање за поставување на урбана опрема на локација кај Стокомак, од страна на Лоренцо Трајановски за поставување на рекламно пано со патокази. Доколку има прашања, повелете со прашања, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево.

Седма точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

И оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека Програмата за уредување на градежно земјиште била донесена на една од претходните седници, но бидејќи има измени во Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, потребно е истата да се дополни и тоа со следниве дополнувања: Во

точката **5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба** по точката л), се додаваат три нови точки љ), м), н) кои гласат:

љ) За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 8000ден/м$^2$ за градежна парцела помножена со утврден коефициент.

м) За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 5000ден/м$^2$ помножена со утврден коефициент и утврден попуст даден во проценти.

н) За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 600 000 денари за една ветерница.

Точките м) и н) стануваат точки њ) и о).

Во точката **6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)** по точката 6.4.13 се додаваат две нови подточки кои гласат:

6.4.14 За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) се утврдува коефициент 0,01.

6.4.15 За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела се утврдува коефициент 0,01.

Во истата точка **6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)** се додава нова точка 6.5 која гласи:

6.5 При плаќање на комуналии за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) и објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија, Општина Делчево се обврзува да обезбеди понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура односно обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран пат.

Причината е тоа што во Програмата за уредување на градежно земјиште немало предвидено за објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), а има голема потреба

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша колку ветерници се планира да бидат поставени?

Звонко Атанасов рече дека со урбанистичките планови на Општина Делчево и со оваа програма од страна на општината не се планира поставување на ветерници. Со оваа измена се предвидуваат услови и пресметување на комуналии кога приватни инвеститори би поставиле ветерници. Моментално кај нас најинтересни и најатрактивни се фотоволтаичните панели, моментално течат две-три постапки, но има интерес, рече тој.

Сашко Ивановски праша кој е тој утврден коефициент за пресметување на комуналии во точката м) каде стои: „ За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 5000ден/м$^2$ помножена со утврден коефициент и утврден попуст даден во проценти“.

Звонко Атанасов рече дека коефициентот е утврден со Правилник на пример за поставување на фотоволтаични панели, комуналии ќе се прсметуваат на 50% од површината по коефициент 0,01 ден/м2 или 25 денари за м2.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

**Осма точка-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење на детска градинка за ГП 3.2.01 од ДУП**

УЕ 3, дел од Урбан блок 3.2. КО Делчево во Делчево;

Образложение поднесе Звонко Атанасов кој рече дека оваа одлука се однесува на ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење на детска градинка. Во врска со оваа точка тој истакна дека веќе во завршна фаза е одобрувањето на средства за изградба на детската градинка. Бидејќи детската градинка е општински објект, потребно е да се донесе одлука за ослободување од комуналии и затоа е предложена оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење на детска градинка за ГП 3.2.01 од ДУП УЕ 3, дел од Урбан блок 3.2. КО Делчево во Делчево.

Деветта точка-Предлог-Одлука за кофинансирање во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 за доискористување на преостанати средства;

Образлагач и по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на животна средина , комунални дејности и сообраќај кој рече дека одлуката се однесува на изградба на улица 3, односно лентата која е дел од основниот проект за изградба на градски пазар со финансирање на Општина Делчево, а во рамките на проектот подобрување на општинските услуги МСИП 2. Имено, со Одлука бр.09-957/1 Советот на Општина Делчево на ден 27.05.2021 година го одобри проектот „Изградба на дел од улица 3 во Централното градско подрачје во Делчево“ за реализација како приоритет преку средствата кои се преостанати за доискористување од долгорочното домашно задолжување на Општина Делчево согласно Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии со бр.11 во вредност од 32.252.287 денари со ДДВ.

Од овој Договор беа искористени 26.985.539 денари со ДДВ, а преостанатите средства во износ од 5.266.748 денарисо ДДВ се планирани да бидат искористени за реализација на погоре наведениот проект. Согласно утврдената проектантска предмер-пресметка за реализација на овој проект беа потребни финансиски средства во износ од 7.963.841,59 денари со ДДВ.Со погоре наведената Одлука се потврдува користење дополнителни финансиски средства во вредност од 2.697.093,59 денари со ДДВ, за кои е надмината вредноста на задолжувањето од Договорот за под-заем, а истите се обезбедени од буџетот на Општина Делчево.Согласно извршената постапка за набавка Општина Делчево склучи Договор за „Изградба на станбена улица бр.3 MSIP2–NCB–036–21 со изведувачот БАУЕР БГ ДОО Скопје со вкупна вредност за извршување на работите во висина од 7.493.900,60 денари со ДДВ.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за кофинансирање во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 за доискористување на преостанати средства.

Десетта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека по доставувањето на материјалите за седница на Совет, до Комисијата за урбанизам била доставена уште една иницијатива за дополнуање на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево која беше донесена на една од претходните седници и затоа предлагаме Програмата да се дополни со уште три точки и тоа точка 19, 20 и 21 или:

– **точка 19**, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на ко Очипала , Општина Делчево. Овој локалитет ја опфака КП бр. 925, КО Очипала Општина Делчево и

– **точка 20** , која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на ко Очипала , Општина Делчево. Овој локалитет ја опфака КП бр. 921 и 922 , КО Очипала Општина Делчево.

**-точка 21,** која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на ко Очипала , Општина Делчево. Овој локалитет ги опфаќа КП 962 и 964, КО Очипала, Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека има техничка грешка во иницијативата од Фиданчо Стоименовски (наместо КО Очипала, делчево стои КО Богданци).

Забелешката беше прифатена од страна на образлагачот и бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година.

**Единаесетта точка-Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Маре Бошначка-Одговорен сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека детската градинка работи со 3 сметки и тоа: наменска, сопствена и донаторска сметка.

На сметката за наменска дотација се прибрани средства во износ од 22.668.300 од кои за основни плати се потрошени 12.523.572, за комунални услуги 985.000, за ситен инвентар, алат и др.1.541.461, за поправки и тековно одржување 211.706, за договорни услуги 1.942.441, за други тековни расходи 59.932, купување на опрема и машини 400.000 денари и за др.градежни објекти 29.500.

На сметката за сопствени приходи се прибрани 9.340.718 од кои приходи 4.282.035 се останати приходи од 2020 година и 5.057.973 се приходи од 2021 година. Салдото на крајот на годината е 5.744.429. Од нив за патни и дневни 18.690, за комунални услуги 1.043.524, за ситен инвентар 1.579.570, поправки и тековно одржување 708, договорни услуги 926.271,, други тековни расходи 26.816 или вкупно расходи 3.595.973.

На донаторската сметка во 2021 година не се остварени приходи, а пренесени приходи од 2020 се 578.800 денари тоа се уплатени средства од КХАМ и Министерството за труд и социјална политика. Во 2021 година се потрошени 42.022, 00 денари за други договорни услуги.

Со 9 гласа „ЗА и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2021 година.

**Дванаесетта точка-Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше -Катерина Величковска- Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево која рече дека училиштето во 2021 година работело со 2 сметки :наменска дотација и сметка за сопдтвени приходи. Во сметката за наменска дотација се финансираат трошоците за плата, тековно одржување, одржување на објекти и опрема и превоз на ученици. Вкупните остварени приходи се 60.984.008,00 денари. За плати 36.935.670, за придонесеи 14.362.713, патни и дневни 34.160,00, за комунални услуги3.816.387, за материјали и ситен инвентар 467.431, за попрака и тековно одржување 117.435, за договорни услуги 1.581.296, други тековни расходи 183.950, разни трансфери 2.796.800, купување опрема и машини 177.866, реконструкција на објекти 510.300.00.

На сметката за сопствени приходи се остварени вкупни приходи од 104.008.00 денарти, од претходна година се префрлени 24.438, од осигурување 800, од свидетелства и дипломи 2.800 и др.приходи од 75.970. Расходите за 2021 на оваа сметка се 102.415 и тоа:комунални услуги 33.953, мат. И ситен инвентар 1.050, поправка и тековно одржување 3.000, др.тековни расходи 64.412. Остварен вишок на приходи 1.593, оданочена добивка 448 денари.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Кирил тренчевски и рече дека иако сметката на училиштето била блокирана заради немилиот настан во школото во с.Разловци, сепак училиштето работело домаќински и одговорно и директорот заслужува пофалба.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево .

**Тринаесетта точка-Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи-Катерина Величковска- Сметководител на ООУ „Ванчо Прке“ која рече дека училиштето во 2021 година работело со 2 сметки :наменска дотација и сметка за сопдтвени приходи. Во сметката за наменска дотација се финансираат трошоците за плата, тековно одржување, одржување на објекти и опрема и превоз на ученици. Вкупните остварени приходи се 38.566.780,00 денари. За плати 24.699.167 за придонеси 9.605.768, патни и дневни 13.352,00, за комунални услуги 1.595.870, за материјали и ситен инвентар 413.649, за поправка и тековно одржување 217.605, за договорни услуги 1.310.989, други тековни расходи 195.014, разни трансфери 158.624, купување опрема и машини 271.772, реконструкција на објекти 80.770 и вложување во нефинсиски средства 4.200

На сметката за сопствени приходи се остварени вкупни приходи од 196.759,00 денари, од претходна година се префрлени 40.984 од осигурување 450, од свидетелства и дипломи 10.720 и др.приходи од 32.050, приходи од слики 81.480, од спонзорства 6.900, од изнајмување спортска сала 24.175.

Расходите за 2021 на оваа сметка се 129.477 и тоа: патни и дневни 1.000, материјали и ситен инвентар 101.190, договорни услуги 11.706, други тековни расходи 15.581. Оданочена добивка за деловната година 6.728.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 5 „ВОЗДРЖАНИ“ и еден член на Совет не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2021 година.

**Четиринаесетта точка-Завршна сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи-Катерина Величковска- Сметководител на СОУ „М.М.Брицо“ која рече дека училиштето во 2021 година работело со 2 сметки :наменска дотација и сметка за сопствени приходи. Во сметката за наменска дотација се финансираат трошоците за плата, тековно одржување, одржување на објекти и опрема и превоз на ученици. Вкупните остварени приходи се 33.504.382 денари. За плати 20.523.160 за придонеси 7.981.270, патни и дневни 47.640,00, за комунални услуги 1.645.169, за материјали и ситен инвентар 343.418, за поправка и тековно одржување 115.799, за договорни услуги 1.874.991, други тековни расходи 211.245, разни трансфери 130.306, купување опрема и машини 467.402,00, реконструкција на објекти 129.800 и вложување во нефинсиски средства 34.182

На сметката за сопствени приходи се остварени вкупни приходи од 456.927,00 денари, од претходна година се префрлени 203.427 од испити 107.450, од дипломи 16.200 , од свидетелства и дипломи 13.200 и др. Образовни приходи од 75.100, приходи од матура 4.500.Расходите за 2021 на оваа сметка се 253.657 и тоа: , материјали и ситен инвентар 12.866, комунални услуги 65.126.00, договорни услуги услуги 108.073, други тековни расходи 67.592. Остварен вишок на приходи за пренос 203.270. Оданочена добивка за деловната година 20.327.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша што спаѓа во ставката договорни услуги и разни трансфери?

Катерина Величковска рече дека тука спаѓаат превозни услуги, осигурување за недвижнини и права, примарна здравствена заштита, други договорни услуги.

Иван Гоцевски даде препорака за добивката во смисла дека  кои не се потрошени треба да се трошат за да не се плаќа  данок за истите.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 5 „ВОЗДРЖАНИ“ и еден член на Совет не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на СОУ „М.М.Брицо“ за 2021 година.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 7.седница заврши со работа во 16:00 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов